# УТРИНСКИ МОЛИТВИ

MOYA

Macedonian Orthodox Youth of Australia

# УТРИНСКИ МОЛИТВИ

Господи Исусе Христе, Сине Божји, помилуј ме грешниот. Господи Исусе Христе, Сине Божји, заради молитвите на ТвојатаПречиста Мајка и сите Светии, помилуј нè. Амин.

Слава Ти, Боже наш, Слава Ти.

Цару Небесен, Утешителу, Духу на Вистината, Кој Си насекаде исè исполнуваш, ризницо на блага и на живот подателу, дојди и всели се во нас, и очисти нè од секаква скверност, и спаси ги, Благи, душите наши.

Свети Боже, Свети Крепки, Свети Бесмртни, помилуј нè. (3 пати)

Слава на Отецот и Синот и Светиот Дух, и сега и секогаш и во сите векови. Амин.

Пресвета Троице помилуј нè; Господи, очисти ги гревовите наши; Владико, прости ни ги беззаконијата наши; Свети, посети нè и исцели ги слабостите наши, заради Името Твое.

Господи помилуј. (3 пати)

Слава на Отецот и Синот и Светиот Дух, и сега и секогаш и во сите векови. Амин.

Оче наш, Кој Си на небесата, да се свети Името Твое, да дојде Царството Твое, да биде волјата Твоја како на небото така и на земјата. Лебот наш насушен дај ни го денес; и прости ни ги долговите наши како што им ги проштеваме и ние на нашите должници; и не воведувај нѐ во искушение, туку избави нѐ од лукавиот.

## ТРОИЧНИ ТРОПАРИ, ГЛАС 1

Од сон станати Ти припаѓаме, Благи, и ангелска песна Ти воспеваме, Силни: Свет, Свет, Свет Си Боже, заради Богородица помилуј нѐ!

Слава на Отецот и Синот и Светиот Дух.

Од одарот и сонот Си ме подигнал, Господи, просветли го умот мој и срцето мое, и отвори ја устата моја за да Те воспева, Света Троице: Свет, Свет, Свет Си, Боже, заради Богородица помилуј нѐ!

И сега и секогаш и во сите векови. Амин.

Одненадеж Судијата ќе дојде, и сите дела откриени ќе бидат, затоа со страв на полноќ повикуваме:
Свет, Свет, Свет Си Боже, заради Богородица помилуј нѐ!

Господи помилуј. (12 пати)

## МОЛИТВА ПРВА

Од сон станат Ти благодарам, Света Троице, зашто заради Твојата голема добрина и долготрпение не се прогневи на мене, мрзливиот и грешниот, ниту ме погуби со беззаконијата мои; туку го покажа Своето вообичаено човекољубие и ме подигна мене, во очајание паднатиот, за да Ти утренувам и да ја славословам крепоста Твоја. Просветли ги сега духовните очи мои, отвори ја устата моја да се поучува од зборовите Твои и да ги разбере заповедите Твои и волјата Твоја да ја твори, да Те пее во срдечно исповедање и да го воспева Твоето Сесвето име, на Отецот и Синот и Светиот Дух, и сега и секогаш и во сите векови. Амин.

Дојдете да Му се поклониме на Царот, нашиот Бог.
Дојдете да Му се поклониме и да припаднеме кон Христа, Царот нашиот Бог.
Дојдете да Му се поклониме и да припаднеме кон Самиот Христос, Царот и Бог наш.

## ПСАЛМ ПЕДЕСЕТТИ

Помилуј ме, Боже, според Твојата голема милост, и според множеството на штедроста Твоја очисти ме од беззаконието мое. Најнапред измиј ме од моето беззаконие, и од гревот мој очисти ме. Зашто јас го знам моето беззаконие и гревот мој е секогаш пред мене. Пред Тебе единствениот згрешив и зло пред Тебе сторив за да се оправдаш во зборовите Свои и да победиш кога ќе судиш. Ете, во беззаконие сум зачнат и во грев ме роди мојата мајка. Ете, вистината Си ја возљубил, и надумната и тајна премудрост Твоја Си ми ја јавил.  Пороси ме со исоп и ќе се очистам, измиј ме и побел од снег ќе бидам. Дај ми да слушам радост и веселба за да се зарадуваат коските скрушени. Одврати го лицето Твое од гревовите мои и сите мои беззаконија избриши ги. Срце чисто создај во мене, Боже, и дух вистински обнови во утробата моја. Не отфрлај ме од лицето Твое, и Духот Твој Свет не одземај го од мене. Дај ми ја радоста на спасението Твое, и со Дух Владичествен утврди ме. Ќе ги научам беззакониците на патиштата Твои, и нечестивите кон Тебе ќе се обратат. Избави ме од крв, Боже, Боже на моето спасение, ќе се зарадува јазикот мој на правдата Твоја. Господи, усните мои отвори ги и устата моја ќе ја објавува пофалбата Твоја. Зашто да сакаше жртва ќе Ти ја принесев; сепаленици не благоволиш. Жртва за Бога е духот скрушен, срцето скрушено и смирено Бог не ќе го презре. По благоволението Свое, Господи, чини му добро на Сион и нека се возвишат ѕидините ерусалимски. Тогаш ќе Ти бидат угодни жртвите на правдата, приносите и сепалениците; тогаш на олтарот Твој ќе се полагаат телци.

## СИМБОЛ НА ВЕРАТА

Верувам во Едниот Бог Отец, Седржител, Творец на небото и на земјата, на сѐ видливо и невидливо.
И во Едниот Господ Исус Христос, Синот Божји Единороден, Кој е роден од Отецот пред сите векови; Светлина од Светлината, вистински Бог од вистинскиот Бог, роден, несоздаден, единосуштен на Отецот, преку Кого сѐ станало. Кој заради нас луѓето и заради нашето спасение слезе од небесата, и се воплоти од Светиот Дух и Дева Марија, и стана човек.
И Кој беше распнат заради нас во времето на Понтиј Пилат, и страдаше и беше погребен. И Кој воскресна во третиот ден, според Писмото. И Кој се вознесе на небесата, и Кој седна оддесно на Отецот. И Кој пак ќе дојде со слава да им суди на живите и на мртвите, и Неговото Царство не ќе има крај. И во Светиот Дух Господ, Кој дава живот, Кој исходи од Отецот, Кому заедно со Отецот и Синот Му се поклонуваме и Го славиме, и Кој говорел преку Пророците.
Во Една, Света, Соборна и Апостолска Црква.
Исповедам едно крштение за простување на гревовите.Го чекам воскресението на мртвите.

И животот на идниот век. Амин!

## МОЛИТВА ЗА ОТВАРАЊЕ НА УМОТ

Господи Исусе Христе, Учителу на милоста, Те молам отвори ги очите на срцето мое за да го чујам и да го разберам Словото Твое и да ја творам волјата Твоја, којашто во него нам, безумните и грешни луѓе, ни е откриена.

Господи Боже, Спасителу мој, бидејќи на земјата дојде да ги најдеш паднатите и да ги спасиш, не сокривај ги од мене повеленијата Свои, зашто јас пропаѓам во мракот на незнаењето на заповедите Твои. Отвори ги очите на умот мој за да ги разберам чудата на Твојот наук и кажи ми ја непознатата и тајна мудрост Твоја. Со светлоста на Своето знаење просветли ги мојот ум и разум, на Тебе се надевам, Боже мој, за не само да го читам и пишувам туку и да го извршувам него.
Ти се молам и со солзи припаѓајќи Ти повикувам: Господи, просветли ме, научи ме, вразуми ме, та Светото Слово Твое и житијата на Светиите Твои да ги читам не за суд, ами за обновување и просветлување, за осветување и спасение на мојата душа, за наследство на вечниот живот. Амин.

## МОЛИТВИ НА ПРЕПОДОБЕН ФИЛАРЕТ МИТРОПОЛИТ МОСКОВСКИ, ЧУДОТВОРЕЦ.

### МОЛИТВА ПРВА

Господи, не знам што да молам од Тебе, Ти единствен знаеш што мене ми треба; ме љубиш и повеќе одошто јас самиот умеам себеси да се љубам. Не се осмелувам ни крст ни утеха да барам, само пред Тебе стојам; моето срце отворено е спрема Тебе; Ти ги гледаш потребите што јас не ги знам. Гледај и постапи со мене според милоста Своја; порази ме и исцели ме, понижи ме и подигни ме, ништ сум и нем пред Светата Твоја волја и пред недостапните за мене судови Твои. Се принесувам себеси за жртва кон Тебе; Тебе Ти се предавам, желби немам, освен желбата да ја исполнувам волјата Твоја. Научи ме да се молам, Самиот Ти во мене моли се. Амин.

### МОЛИТВА ВТОРА

Господи, дај ми мирно да го примам она што денов денешен ми го носи и целосно да и се предадам на Твојата Света волја. Упати ме и помогни ми во секој миг од денов: каков било глас да добијам, научи ме мирно и со цврста вера да воспримам дека сѐ е по Твојата Света волја. Управувај со моите мисли, со моите сетила и со сите мои дела и зборови. Не допуштај во непредвиден случај да заборавам дека сѐ од Тебе доаѓа. Научи ме добро да се однесувам спрема родителите и спрема ближните, никого да не разгневам или оскрбам. Господи, дај ми сили да ја поднесам тежината на денот денешен и сѐ што во него ќе ми се случи.

Управувај со мојата волја и научи ме да се молам, да верувам, да се надевам, да поднесувам, да простувам и да љубам. Господи, дај ми да бидам орудие на Твојот мир, та таму кај што има омраза да сеам љубов, кај што има осуда - простување, кај што има раздор - слога, кај што има очај - надеж, кај што има темнина - светлост, кај што има жалост - радост. О Божествен Учителу, нека не бидам утешуван, туку јас други да тешам; нека не ме трпат мене, туку јас да имам трпение за сите; не мене да ме љубат, туку јас сите да ги љубам. Зашто кога простуваме, тогаш и нам ни се простува; кога даваме, тогаш добиваме;
а кога умираме, тогаш се раѓаме за живот вечен.
Свет Духу, помошник биди ми денов денешен да Му Го посветам на мојот Господ и Спасител. Господи Исусе, Сине Божји, подобро е да не се живее одошто да се живее без Тебе или против Тебе. Ти благодарам, Боже, за дарот на овој ден и за секое добро за коешто ќе ми помогнеш денес да го сторам. Избави ме, милостив Боже, од желбата за самоугодување, и удостој ме во секој миг да бидам подготвен заради Тебе и заради ближниот свој да се откажам од себеси, зашто за таа служба и Си ми го дал животот. Помогни ми од себе да го отфрлам сето она што не е Твое, а она што е Твое да го примам во длабока вера, надеж и љубов. Дај ми ревност со која постојано ќе Ти служам: да ја поставам правдата над користа, да го поставам чинењето на благочестиви дела над минливите задоволства, да ги поставам другите над себеси за да ја исполнам Твојата заповед на љубовта. Стори светлоста на Твојата убавина, добрина и љубов да заблескаат во мојава душа. Амин.

MOYA

Macedonian Orthodox Youth
of Australia